ЦДХВ АД
Бр. 02-1002/1
11-03-25
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Март, 2025 година**

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ УПОТРЕБЕНИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ

| | |
|---|---|
| **МБХВ** | **Македонска берза АД Скопје** |
| **ЦДХВ/Депозитар** | **Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје** |
| **КХВ** | **Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија** |
| **МФ** | **Министерство за финансии** |
| **НБРСМ** | **Народна банка на Република Северна Македонија** |
| **РСМ** | **Република Северна Македонија** |
| **АННА** | **Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA)** |
| **ЛЕИ** | **Идентификатор на правни лица (LEI)** |
| **ГЛЕИФ** | **Светска фондација за идентификатори на правни лица (GLEIF)** |
| **ИСИН** | **Меѓународен број за идентификација на хартии од вредност (ISIN)** |
| **ИОСЦО** | **Меѓународна организација на Комисии за хартии од вредност (IOSCO)** |

## Содржина

1. Вовед 4
2. Деловно окружување 5
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2024 година 7
4. Членки на Депозитарот 16
5. Управување со ризици 18
6. Активности во делот на информатичката технологија 20
7. Активности со набавка на нов апликативен софтвер 22
8. Правни и нормативни активности 23
9. Меѓународна соработка 28
10. Едукативни и промотивни активности во текот на 2024 година 30
11. Други активности во текот на 2024 година 32
12. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 36
13. Остварени финансиски резултати во 2024 година 36
Прилог 1 46
Прилог 2 50

## 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2024г ги опфаќа условите и деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Во текот на 2024 година институцијата ги извршуваше своите законски надлежности обезбедувајќи високо ниво на ефективност и ефикасност во услугите кои ги дава на учесниците на пазарот на капитал, издавачите, имателите на хартии од вредност и овластените институции со кои остварува постојана соработка.

## 2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност, во текот на 2024 година ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Како и во другите земји, така и кај нас продолжено влијание имаа последиците предизвикани од енергетската криза, порастот на цените на производите и услугите, стапката на инфлација и воените конфликти во Украина и на Блискиот исток.

Според анализите на ММФ објавени во јануари 2025 година, глобалниот БДП раст во третиот квартал на 2024 година беше за 0,1% понизок од предвидениот во октомври 2024 година, откако беа објавени разочарувачките податоци за некои европски и азиски економии: растот на Кина од 4,7% во 2024 година беше понизок од предвидениот, забавувањето на растот во Индија беше проследено со намалена индустриска активност, а во Јапонија растот беше забавен поради привременото нарушување во снабдувањето. Растот на БДП во 2024 година беше со забавено темпо и во Евро зоната, особено намалената економска активност во Германија во споредба со останатите европски земји, што се рефлектираше преку намалено индустриско производство и намален извоз на добра. За споредба, состојбата во САД беше значително подобра, со раст на економијата од 2,7% во третиот квартал, проследено со засилена потрошувачка. Глобалниот БДП раст е проектиран да изнесува во просек 3,3% во 2025 година, како и во 2026 година.

Процесот на дефлација во Евро зоната продолжи и во 2024 година, а кој беше забележан уште во 2023 година со намалување на инфлацијата од двоцифрените бројки кои ги гледавме во 2022 година и намаленото негативно влијание на енергетските шокови и нарушувањето во снабдувањето врз економиите во Евро зоната. Опаѓањето на инфлацијата во 2024 година беше постепено, но јасно се водеше во надолна линија, со инфлација во просек од 2,4% во текот на целата година. Декемвриските проекции за 2025 година предвидуваат инфлацијата да биде во просек 2,1% во 2025 година и полека да се намали и одржи на таргетираната инфлација од 2% во понатамошниот период.

И покрај добрите вести за опаѓањето на инфлацијата, Европската централна банка укажа на фактот дека состојбата на економијата во Евро зоната во 2024 година беше предмет на значајна неизвесност. Производството беше намалено, растот на услугите беше бавен, како резултат на сеуште високите цени на енергијата, регулаторните трошоци и ефектите од претходното затегнување на монетарната политика.

Депозитарот своите активности во 2024 година ги оствaруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните податоци на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од февруари 2025 година, во четвртото тримесечје од 2024 година, годишната стапка на инфлација забрза и изнесува 4,1% (2,6% во претходното тримесечје), заради цените на храната. Инфлацијата за целата 2024 година, во просек, изнесува 3,5%, што во целост соодветствува со октомвриските согледувања. Според октомвриските оцени, во 2025 година, се очекува сведување на инфлацијата на 2,5% и нејзино постепено нормализирање на 2% на среден рок.

За целата 2024 година, основното сценарио од октомври претпоставува економски раст од 2,3%, но имајќи ги предвид официјалните процени за остварен раст во првите три квартали од годината од 2,6%, постојат изгледи за малку подобри остварувања од проектираните за целата година. Растот би забрзал искачувајќи се на 3,3% во 2025 година и би достигнал 4% на среден рок, при очекувања за поповолно надворешно окружување, поволен амбиент за странски и домашни инвестиции и позитивен придонес од започнатите инфраструктурни проекти.

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година е забележан значителен зголемен тренд во вкупниот промет и бројот на реализирани трансакции, како и раст во МБИ-10 индексот и пазарната капитализација. На крајот на 2024 година МБИ-10 индексот изнесува 10.200,91 индексни поени, што претставува зголемување од 66,78% во однос на крајот на 2023година. Вкупната пазарна капитализација на крајот на 2024 година изнесува 351.088.371.522 денари, што претставува зголемување за 51,75% во однос на крајот на 2023 година, додека остварениот промет во текот на 2024 година на изнесува 13.402.218.780 денари или зголемување од 190,24% во однос на 2023 година.

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 223.986,3 милиони денари. Споредбено со крајот на 2023 година, состојбата на државните хартии од вредност е повисока за 37.400,7 милиони денари и истото произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници за 34.739,4 милиони денари, како и зголемување на состојбата на државните записи за 2.661,2 милиони денари.

## 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2024 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2024г:

Активни издавачи во системот на ЦДХВ, со состојба 31.12.2024г

| | **31.12.2024** | **31.12.2023** | **%** |
|---|---|---|---|
| Издавачи | 439 | 433 | 1,39 |

Отворени нови сопственички сметки

| | **ЦДХВ** | **Членки** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 2023 | 2.306[1] | 469 | 2.775 |
| 2024 | 667 | 1.058 | 1.725 |

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2024г

| | **Број на активни ИСИН-и** | **Издадена количина** | **Номинален капитал** |
|---|---|---|---|
| Акции | 457 | 390.680.764 | 215.078.246.716 |
| Обврзници | 222 | 71.215.356 | 180.975.727.707 |
| Останати ХВ | 19 | 4.544.576 | 45.445.760.000 |

Сметки на иматели

Структура на сметки во системот на ЦДХВ, по типови сметки, со состојба на ден 31.12.2024г

| **Тип на сметка** | **Номинален капитал (МКД) 31.12.2024** | **% промена во однос на претходната година** | **Број на сметки 31.12.2024** | **% промена во однос на претходната година** |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 259.721.327.831 | 6,44 | 62.636 | -0,16 |
| Портфолио сметка | 44.423.163 | -50,02 | 95 | -21,49 |
| Застапничка сметка | 16.521.816 | -7,27 | 5 | 0,00 |
| Старателска сметка | 107.960.788.179 | 21,13 | 34 | -2,86 |
| Други сметки | 73.756.673.434 | 20,81 | 3.283 | -0,21 |

[1] Во 2023 година беа издадени граѓанските обврзници при што сметките ги отвора ЦДХВ

Структура на иматели

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2024г

| **Инвеститор** | **31.12.2023** | **31.12.2023** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 61.102 | 61.199 | -0,16 |
| Домашни правни лица | 1.735 | 1.763 | -1,59 |
| Странски физички лица | 879 | 879 | 0,00 |
| Странски правни лица | 151 | 151 | 0,00 |

Утврдување и порамнување на трговски трансакции

*Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2024г склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| **МБХВ** | **Вредност 2024 година (МКД)** | **Вредност 2023 година (МКД)** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 13.402.947.824 | 4.619.729.827 | 190,12 |
| Количина ХВ | 215.746.858 | 6.125.633 | 3.422,03 |
| Број на трансакции | 23.748 | 11.978 | 98,26 |

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2024г по членки – берзански посредници:




Членките-чувари се учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2024г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):




Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2024г по членки – берзански посредници:




На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2024г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):




*Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2024 година (МКД) | Вредност 2023 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---:|---:|---:|
| Вредност (МКД) | 364.825.055 | 642.872.199 | -43,25 |
| Количина ХВ | 35.259 | 65.500 | -46,17 |
| Број на трансакции | 16 | 15 | 6,67 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 4 учесници на продажна страна и 4 учесници на куповна страна.

<u>Нетрговски преноси на хартии од вредност</u>

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| Основ | 2024 година | 2023 година | Процент на промена |
|---|---:|---:|---:|
| Наследство | 1.048 | 1.084 | -3,32 |
| Подарок | 384 | 337 | 13,95 |
| Судска одлука | 5 | 2 | 150,00 |

<u>Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот</u>

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2023г и 2024г:

| Активност | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 13 | 8 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 13 | 8 |
| Нови емисии-акции на постоечки АД | 10 | 10 |
| Нови емисии-корпоративни обврзници на постоечки АД | - | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Евидентиран стечај на АД | 2 | 4 |
| Евидентирана ликвидација на АД | - | - |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 1 | 3 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | - | 1 |
| Поделба на акции | 1 | 1 |
| Останато | 4 | 20 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2024г се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.
Како едно од поспецифичните дејствија спроведено во текот на 2024г, се издвојува поделбата на акциите која се спроведе согласно донесена одлука на Реплек АД Скопје. Имено, врз основа на Одлука за поделба на обичните акции издадени од Реплек АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите, како и останата поднесена релевантна документација, Депозитарот на ден 12.07.2024г спроведе упис на поделба на акциите на издавачот Реплек АД Скопје во сооднос 1 : 10. Со поделбата на обичните акции согласно Одлуката, се изврши и намалување на поединечниот номинален износ по акција од 562.42 евра на поединечен номинален износ по акција од 56.242 евра, со што основната главнина на субјектот остана непроменета.

Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2023г и 2024г во Депозитарот се спроведени следните активности:

| **Активност** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 75 | 20 |
| Копија од акционерска книга | 42 | 30 |

Постапки за јавни понуди

Во четвртиот квартал, до Депозитарот е доставено барање за склучување на Договор за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност издадени од акционерското друштво ВАБТЕК МЗТ АД Скопје. Во првиот кваратал од 2025 година ќе следат активности поврзани со отпочнување и спроведување на постапката на јавна понуда на хартии од вредност од овој издавач.

Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ

- На крајот од првиот квартал, заврши рокот за доставување на Изјави за продажба на хартии од вредност во постапката на преземање на МАКПЕТРОЛ АД Скопје. Од страна на Комерцијална банка АД Скопје до Депозитарот се доставени Изјави од вкупно 63 акционери, кои ја прифатија понудата за откуп на акциите од страна на понудувачот ОИЛКО КДА Скопје. Оваа постапка започна во 2023 година. На почетокот од вториот квартал од 2024г, а врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ со кое се утврдува за успешна понудата за преземање на акции издадени од МАКПЕТРОЛ АД Скопје, во целост заврши постапката на преземање на овој издавач од страна на ОИЛКО КДА Скопје. Целосно беа

спроведени исплати кон вкупно 63 акционери кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметката на преземачот ОИЛКО КДА Скопје беа пренесени вкупно 2258 обични акции, што претставува 2,01% од вкупниот број на обични акции издадени од МАКПЕТРОЛ АД Скопје.

- Во првиот квартал, заврши рокот за доставување на Изјави за продажба на хартии од вредност во постапката на преземање на ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, од страна на преземачот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје. Од страна на Инвестброкер АД Скопје до Депозитарот беа доставени Изјави од вкупно 4 акционери, кои ја прифатија понудата за откуп на акциите од страна на понудувачот. И оваа постапка беше започната во 2023 година.
  Во вториот квартал, а врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ со кое се утврдува за успешна понудата за преземање на акции издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, во целост заврши и постапката за преземање на овој издавач, од страна на преземачот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје. Целосно беа спроведени исплати кон вкупно 4 акционери кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Инвестброкер АД Скопје. На сметката на преземачот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје беа пренесени вкупно 399 обични акции, што претставува 0,71% од вкупниот број на обични акции издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово.
- Во третиот квартал Депозитарот склучи Договор со Комерцијална банка АД Скопје за вршење услуги во постапка на преземање на акционерското друштво Стопанска банка АД Битола. Заклучно со 23.09.2024 година, во Депозитарот беше евидентирано ограничување на сметките на хартии од вредност на вкупно 149 акционери за кои беа доставени Изјави за прифаќање на понуда за преземање на обични акции издадени од Стопанска банка АД Битола. Согласно доставените Изјави, ограничувањето е евидентирано на вкупно 176.154 обични акции, што претставува 45,0548% од вкупно издадените обични акции на издавачот Стопанска банка АД Битола.
  Со Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ УП1 број 10-66 од 27.09.2024г со кое се утврдува за неуспешна понудата за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола, во целост заврши и постапката за преземање на овој издавач, од страна на преземачот Комерцијална банка АД Скопје. На ден 27.09.2024г ослободено е ограничувањето врз акциите на акционерите кои врз основа на доставените изјави до Депозитарот, ја прифатија понудата за откуп на нивните акции во постапката за преземање. На сметката на преземачот Комерцијална банка АД Скопје вратени се средствата кои беа уплатени од страна на преземачот за целите на исплата на акционерите во предметната постапка за преземање.
- Во четвртиот квартал Депозитарот со субјектот ДГИ Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица, во својство на Преземач, склучи поединечни Договори за вршење на услуги во постапката на преземање на Герас Цунев трговија АД Струмица и Герас Цунев конфекција АД Струмица. До крајот на кварталот, до Депозитарот беа доставени Изјави за прифаќање на понудите на преземање на акциите издадени од овие издавачи, од двајца акционери. Во првиот кваратал од 2025 година се очекува да бидат успешно финализирани и двете постапки за преземање.
- На 26.12.2024г Депозитарот и ДПТУ ГМЛ ДООЕЛ извоз-увоз Кавадарци склучија Договор за вршење на услуги во постапката на преземање на РЖ Економика АД Скопје.

Постапки за исплата на дивиденда

Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитарот во вториот квартал склучи Договор за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Универзална инвестициона банка АД Скопје – издавач на хартии од вредност, како и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи.

Во насока на реализација на договорот, Депозитарот презеде низа активности предвидени со одредбите од договорот, при што испрати известувања до акционерите кои до моментот на пресекот на акционерските книги за исплата на дивиденда на издавачот не доставиле информации за платежни банкарски сметки за исплата на паричните средства.

Податоци за извршените исплати по издавач:

| Издавач | Исплатен износ (МКД) | Број на акционери |
|---|---:|---:|
| Уни банка АД Скопје | 195.947.856 | 301 |

Активности во врска со корпоративни обврзници

Во системот на ЦДХВ со состојба на 31.12.2024г. се регистрирани 5 корпоративни обврзници од 4 издавачи со вкупна номинална вредност од 11.583.108 ЕУР:

Во текот на 2024г. извршени се пресметки на камати и главници од корпоративни обврзници со следните износи:

| ИБ на издавач | Назив на издавач | ИСИН | тип на пресметка | број на иматели | Пресметан износ на камати (МКД) |
|---|---|---|---|---:|---:|
| 04640063 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | MKSILB200014 | камата | 1 | 6.764.340 |
| 04646088 | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200011 | камата | 24 | 226.230 |
| 04646088 | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200029 | камата | 22 | 125.000 |
| 04646088 | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200037 | камата | 12 | 4.981.096 |
| 04646088 | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200011 | главница | 24 | 5.000.000 |
| 05111056 | КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | MKINTP200015 | камата | 2 | 431.137 |
| 06121110 | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | MKTTKS200012 | камата | 20 | 4.031.199 |
| 06121110 | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | MKTTKS200020 | камата | 6 | 2.491.820 |
| 06121110 | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | MKTTKS200012 | главница | 10 | 92.245.650 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 07000324 | Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола | MKSNOB200014 | камата | 17 | 4.549.800 |

Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2024г:

| | **број на емисии во 2024 година** | **износ (МКД)** | **број на емисии во 2023 година** | **износ (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| **Нови емисии на државни хартии од вредност** | | | | |
| 6 месечни записи | | | 1 | 441.000.000 |
| 12 месечни записи | 19 | 45.445.760.000 | 22 | 41.688.410.000 |
| Државни обврзници | 25 | 52.819.120.000 | 24 | 29.520.460.000 |
| **Вкупно** | **44** | **98.264.880.000** | **47** | **71.649.870.000** |
| **Достасувања на државни хартии од вредност** | | | | |
| 6 месечни записи | | | 1 | 441.000.000 |
| 12 месечни записи | 23 | 42.784.480.000 | 21 | 35.107.860.000 |
| Државни обврзници | 20 | 9.922.230.000 | 7 | 12.090.740.000 |
| **Вкупно** | **43** | **52.706.710.000** | **29** | **47.639.600.000** |
| **Пресметки на купони од државни обврзници** | | | | |
| Државни обврзници | 199 | 5.024.187.133 | 182 | 3.532.375.173 |

Во текот на 2024г, се запишани вкупно 25 државни обврзници, од кои според рочноста се запишани три двегодишни, пет тригодишни, четири петгодишни и тринаесет државни обврзници со рочност од петнаесет години. Две од регистрираните обврзници се со девизна клаузула, а останатите дваесет и три се без девизна клаузула.

Во 2024г извршена е и пресметка на рати и камати од обврзниците за денационализација од Тринаесетта до Дваесет и втора емисија, а истовремено целосно доспеаа обврзниците за денационализација - Тринаесетта емисија.

На 26.12.2024г е издадена Обврзница за денационализација Дваесет и трета емисија во износ од 1.500.000 EUR. Обврзницата е запишана на сметките на 93 физички лица, а по регистрирањето на обврзницата, имателите се известени со доставување на Изводи од сметки на адресите регистрирани во системот на депозитарот.

Активности во врска со граѓански обврзници

На 19.07.2024г за прв пат е извршена пресметка на купон од првата граѓанска обврзница издадена во јули 2023г со годишна каматна стапка од 5%. При извршувањето на оваа активност, пресметани се купони на вкупно 1.195 иматели – физички лица распоредени на 1.258 сметки во вкупен износ од 72.401.500 МКД. Депозитарот во соработка со Министерството за финансии и Членките на Комисијата за ликвидност на

Македонската банкарска асоцијација изготвија и применија посебни процедури заради навремена и непречена исплата на купонот.

Истите процедури се применија и при пресметката на купонот од втората граѓанска обврзница во ноември 2024г со годишна каматна стапка од 5%. При извршувањето на оваа активност, пресметани се купони распоредени на 896 сметки во вкупен износ од 54.274.000 МКД.

Активности во врска со издавање на структурни обврзници согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

Согласно измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Министерството за финансии во 2023г издаде структурни обврзници, како инструмент за обезбедување на финансиски средства за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски од страна на општините Тетово, Виница и Желино, а со истите ќе може да се тргува на секундарниот пазар и ќе може да се користат за подмирување на обврски кон Управата за јавни приходи.

Во текот на 2024г следејќи ги насоките од Инструкцијата за начинот на постапување по налозите од Министерството за финансии во постапката за издавање на податоци, стопирање на идни трансакции и евидентирање на пренос на структурните обврзници, реализирани се следните нетрговски преноси на државната сметка на Министерството за финансии наменета за исплата на доспеан даночен долг кон Управата за јавни приходи:

| Назив на емисија | Издаден износ (МКД) | Преостанат износ од емисијата на 31.12.2023 (МКД) | Број на нетрговски преноси во 2024г | Пренесена вредност на обврзници на државна сметка во текот на 2024 (МКД) | Преостанат износ од емисијата на 31.12.2024 (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ТЕТОВО | 250.165.143 | 231.835.583 | 60 | 207.625.966 | 24.209.617 |
| СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ВИНИЦА | 2.516.370 | 2.516.370 | 10 | 1.562.565 | 953.805 |
| СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО | 21.735.891 | 21.210.538 | 20 | 20.628.428 | 582.110 |
| **Вкупно** | **274.417.404** | | | **229.816.959** | **25.745.532** |

Со состојба на 31.12.2024г, преостануваат неискористени 25.745.532 МКД, што претставува 9,38% од издадениот износ на структурните обврзници.

## 4. Членки на Депозитарот

Членки-берзански посредници

Кон крајот на третиот квартал во 2024г, во членство во Депозитарот е примена Халк банка АД Скопје, со што настаната е промена во бројот на членки-берзански посредници од десет на единаесет членки берзански посредници.

Поконкретно, на 13.09.2024г, Халк Банка АД Скопје поднесе Барање за прием во членство на Депозитарот во својство на:

1. берзански посредник и

2. членка-чувар.

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, на 18.09.2024г, донесе Одлука за прием на Халк банка АД Скопје во членство во ЦДХВ АД Скопје, во својство на берзански посредник и членка-чувар. Предметната Одлука влезе во сила со денот на донесувањето, но во однос на својството берзански посредник започна со примена по добивањето на Одлуката за прием во членство во Македонска берза АД Скопје, односно на 26.09.2024г.

Согласно погоре наведеното, започнувајќи од третиот квартал во 2024г во Депозитарот членуваа 11 членки-берзански посредници, од кои 6 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2024 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2. | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3. | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4. | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6. | IK | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | x | √ |
| 7. | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8. | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9. | ТН | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10. | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11. | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

Членки-Чувари

Согласно Одлуката на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје од 18.09.2024г за прием на Халк банка АД Скопје во членство во ЦДХВ АД Скопје во својство на членка-чувар, започнувајќи од крајот од третиот квартал од 2024г во Депозитарот членуваат 5 членки-чувари, и тоа:

| | Код на учесник | Назив | 01.07.2024 | 30.09.2024 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ИК | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | X | √ |
| 2. | КБС | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3. | СБС | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | СПС | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | ТНС | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

ОТЦ-членки

Во текот на 2024г, во Депозитарот членуваа 12 ОТЦ членки, односно бројот на членки остана непроменет споредбено со 2023г:

| | **Код на учесник** | **Назив** | **01.01.2024** | **31.12.2024** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | SK | СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | TU | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | UN | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | IV | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | IK | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 6 | AL | СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | TT | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | KB | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. | √ | √ |
| 9 | SL | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | IP | КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | PK | ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 12 | SB | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА | √ | √ |

Контрола на членките на Депозитарот

Согласно Програмата за работа на ЦДХВ АД Скопје за 2024 година, Извршниот директор на Депозитарот, на 25.11.2024 година, донесе Одлука за спроведување на контрола на членки на Депозитарот. Со оваа Одлука беше утврдено контролата да се спроведе кај три членки, со различни статуси, односно членка берзански посредник, членка-чувар и ОТЦ членка.

Предметот на контрола кај членката-берзански посредник беше:

- Исполнетоста на континуираните услови на членство, и општите обврски и обврските за задолжително известување на Депозитарот;
- Увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување;
- Уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот;
- Уредноста на документацијата за отворање на сопственички сметки.

Критериум за утврдувањето на членката-берзански посредник која ќе биде контролирана беше членката да не била контролирана последните три години. Врз основа на тој критериум е утврдено дека единствено Фершпед брокер АД Скопје не бил предмет на контрола последните три години. Притоа, не беше земена предвид Халк банка АД Скопје со оглед дека е нова членка. Врз основа на увидот во прибавената документација беше изготвен Записник, при што не беа констатирани неправилности.

Во однос на членката-чувар и ОТЦ членката се контролираше исполнетоста на континуираните услови на членство, и општите обврски и обврските за

задолжително известување на Депозитарот. Критериум за утврдувањето на членката-чувар и ОТЦ членката кои ќе бидат контролирани беше вкупна вредност на порамнетите трансакции во 2024та година, заклучно со 06.11.2024г.

Врз основа на критериумите од претходниот пасус, беше утврдено дека следните членки имаат најголема вкупна вредност на порамнетите трансакции во 2024та година, заклучно со 06.11.2024г:

1. Членка-чувар: Комерцијална банка АД Скопје.
2. ОТЦ-членка: НЛБ Банка АД Скопје.

Врз основа на увидот во прибавената документација од Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје беше изготвен Записник, при што не беа констатирани неправилности.

## 5. Управување со ризици

Во текот на 2024г согласно Рамката за управување со ризици, извршниот Директор на Депозитарот назначи Одговорно лице за управување со ризици, а согласно Процедурата за управување со ризици на Депозитарот, Одговорното лице за управување со ризици изработи Годишен план за справување со ризици за 2024г. Планот се изготвува врз основа на Мапата на ризици и врз основа на Актите кои се дел од Рамката за управување со ризици, а во него се вклучени и анализирани највисоко проценетите ризици и се определени начините за справување со ризиците. Дополнително, Планот ја содржи и динамиката на тестирање, контрола, одржани состаноци, предмет на тестирањето, ревизијата, контролата и одговорните лица за следење, ревидирање, контрола и тестирање за 2024г.

Согласно изготвениот План за справување со ризици за 2024г, во текот на 2024г се извршени следните активности:

- Согласно обврските од Процедурата за проценка на ефикасноста на политиките, процедурите и системите за управување со ризици на Депозитарот, одржани се четири квартални состаноци со присуство на раководителите на сите дирекции
- Спроведена е Анализа на капиталните барања со Одлука за сценарија кои беа предмет на проценката на општиот ризик од работењето,
- Спроведена е Анализа на поставените цели на Депозитарот и нивно остварување за 2023г.
- Извршено е редовното годишно тестирање на Планот за опоравување (Distaster Recovery Plan) со учество на Членките на депозитарот и МБХВ;
- Во консулатација со експерти за управување со ризици од редот на Членките на депозитарот и со активно учество на Членовите на Одборот на директори утврдени се показателите, раните прагови и праговите на показателите од Планот за закрепнување на Депозитарот;
- Извршени се редовните квартални тестирања на ликвидносниот ризик со примена на сценарија;
- Утврдена е листа на засегнати страни
- Извршено е мерење на задоволството на вработените преку анкетен анонимен прашалник согласно одредбите на Политиката за човечки ресурси;

- Усвоена е Листа на индикатори за самопроценка на Извршниот директор од страна на  Одборот на директори  и листа на индикатори за самопреценка на членовите на Одборот
- Извршено е тестирање на Правилата при неможност на членките да ги исполнуваат обврските за плаќање

Освен гореспоменатите активности, преку целата година Депозитарот редовно ги проценуваше можните ризици кои би можеле да настанат од редовното работење, при што е ажурирана Мапата на ризици. За дел од ризиците кои беа идентификувани во 2023г и кои беа највисоко оценети, во текот на 2024г се преземени превентивни и корективни мерки за нивно ублажување или отстранување.

## 6. Активности во делот на информатичката технологија

Во текот на 2024 година, Дирекцијата за информатичка технологија при Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) спроведе бројни активности насочени кон унапредување на информатичката инфраструктура, подобрување на функционалностите на постојните системи и обезбедување сигурност и континуитет во работните процеси. Активностите се одвиваа во неколку клучни области, како што се развој и надградба на системите, одржување и тестирање на ИТ инфраструктурата, обезбедување на сајбер-заштита и унапредување на техничките услови за дигитализација на процесите.

Развој и надградба на софтверски системи

Во текот на 2024 година, Дирекцијата за информатичка технологија спроведе значајни надградби и адаптации на системите на Депозитарот во согласност со законските измени и потребите на институциите со кои соработува.

- *Автоматско генерирање на годишни извештаи за потребите на УЈП*
  Во согласност со измените во Законот за данок на личен доход, развиен е нов систем за автоматско генерирање на годишни извештаи за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на инвеститорите. Овој систем овозможува навремено и автоматизирано доставување на податоци до Управата за јавни приходи (УЈП), со што значително се поедноставуваат обврските на инвеститорите за пресметка и пријавување на данокот на капитални добивки.
- *Надградба на Дистрибутивниот систем за иматели и издавачи на хартии од вредност*
  - Во вториот квартал, системот беше адаптиран за потребите на Основното јавно обвинителство – Скопје, со што се овозможи пристап до податоци поврзани со истражните и судските постапки.
  - Во четвртиот квартал, беше извршена дополнителна надградба за потребите на Управата за финансиска полиција, овозможувајќи пристап до информации во согласност со важечките регулативи.
- *Надградба на апликацијата за архивско работење*
  Воведени се нови модули за управување со документи (ДМС) и модул за дигитално потпишување и архивирање на документите.

Одржување и тестирање на ИТ инфраструктурата

Дирекцијата за ИТ спроведе активности за одржување, тестирање и подобрување на ИТ инфраструктурата, вклучително и хардверска и мрежна опрема.

- *Надградба на серверската инфраструктура*
  Извршена е миграција на цел сет сервиси на повисока верзија на ОС.
- *Тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси*
  Спроведено е годишно тестирање со учество на 17 институции, вклучувајќи ја Народната банка, Македонската берза и членките на ЦДХВ.
- *Одржување на критичната инфраструктура*
  Во рамките на редовното годишно тестирање и проверка на исправноста на системите, извршени се:
  - Контрола на системот за климатизација и системот за заштита од пожари.
  - Контрола на системот за континуирано напојување со електрична енергија.
  - Годишно одржување и тестирање на функционалноста на клима уредите.
- *Тестирање на редундантноста на мрежната поврзаност*

Квартално се спроведува тестирање на примарното и бекап поврзување со Платните системи на Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ).

- *Лиценцирање на системите*
  Обезбедена е софтверска лиценца за надградба на системот за електронска пошта.
- *Набавка на нова ИТ опрема*
  Извршена е набавка и замена на дел од работните станици и лаптопи на вработените како дел од редовното одржување на хардверската инфраструктура.

Сајбер-заштита и безбедност

Во насока на зајакнување на сајбер-безбедноста, Дирекцијата за ИТ спроведе повеќе активности:

- *Конфигурирање на нови firewall уреди*
  Во текот на 2024 година, во рамките на стратешката соработка со Берзата, набавени се, а потоа и инсталирани нови firewall уреди во HA (High Availability) режим на работа, со соодветни лиценци за заштита од сајбер-напади, филтрирање на веб-страници (Bright Cloud) и премиум партнерска поддршка.
- *Сертификати и безбедносни лиценци*
  Набавени се нови SSL сертификати за потребите на веб-страницата и Дистрибутивниот систем за иматели и издавачи. Обновени се лиценците за временски печат и квалификувани сертификати.

Поддршка за деловните процеси

- *Техничка поддршка за „Инвеститорскиот ден“*
  Во рамките на иницијативата „Инвеститорски ден“ одржана на 13.09.2024г, ИТ дирекцијата спроведе активности за преземање на провизиите за повластените трансакции, согласно иницијативата домашните физички лица да тргуваат со акции без надоместоци кон Берзата, Депозитарот и овластените пазарни учесници.
- *Исплата на дивиденда за акционерите на УНИ банка*
  Успешно е спроведена пресметката и исплатата на нето-дивидендата кон 301 акционер, кои во предвидениот рок ги доставија податоците за своите трансакциски сметки. Дополнително, извршена е пресметка и уплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи (УЈП).
- *Преземање на акционерски друштва во 2024г*
  - МАКПЕТРОЛ АД Скопје – спроведена е пресметка и исплата кон 63 акционери, со пренос на 2.258 акции на преземачот ОИЛКО КДА Скопје.
  - ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово – спроведена е пресметка и исплата кон 4 акционери, со пренос на 399 акции на преземачот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје.
- *Доставување на акционерски книги*
  Согласно Законот за хартии од вредност, доставени се акционерски книги со состојба 31.12.2023г во електронска форма до 123 акционерски друштва.
- *Известувања до акционерите*
  Во првиот квартал на 2024г испратени се 1.620 известувања до акционерите на УНИ банка, УСЈЕ и ОКТА за исплатена дивиденда и даноци за 2023г.

## 7. Активности со набавка на нов апликативен софтвер

Во поглед на активностите поврзани со набавка на нов апликативен софтвер, во текот на 2024г е формирана Работна група за појаснување на Нацрт договорот за набавка на лиценца за софтверот и Нацрт договорот за одржување. Главни одговорности на Работната група беа преглед и анализа на Нацрт договорот за набавка на лиценца за софтверот и Нацрт договорот за одржување како и идентификација и појаснување на било какви нејаснотии во врска со Договорите. За целите на појаснување на Нацрт договорите, во текот на 2024г се одржани повеќе сесии со далечинско присуство на понудувачите и членовите на Работната група. На сесиите е разгледуван Нацрт договорот за набавка на лиценца и одредбите од Нацрт договорот за одржување на понудениот систем.

Во текот на состаноците беа појаснети и усвоени повеќе измени на договорите, а за активностите беше информиран Одборот на директори во врска со: условите на престанок на договорот; заштита на лични податоци; одговорноста за доцнења од страна на добавувачот и пенали; регулирање на надградба на делови од софтверот кои се развивани со застарена технологија; достапноста на надградбите на софтверот на Депозитарот и усогласеноста на софтверот со европските регулативи; регулирање на начинот, постапката и роковите за можната набавка на изворниот код на софтверот; јурисдикција и применливо право во случај на спорови; заштита на Депозитарот доколку поради причини над кои тој нема контрола добавувачот не би можел да продолжи со имплементација како и барања на Депозитарот како претпоставка за успешна миграција на новиот софтвер.

Како дел од правно-формалната постапка во врска со набавката на лиценцата и одржувањето на софтверот, од страна на Одборот беше донесена и Одлука за одобрување на голема зделка согласно одредбите на Законот за трговски друштва. Постапката за финалното одобрување на договорот продолжува во 2025г.

## 8. Правни и нормативни активности

### Закон за финансиски инструменти и Закон за проспект и обврски за трансапрентност на издавачите на хартии од вредност

Во март 2024г се донесени Законот за финансиски инструменти и Законот за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност. Законите се влезени во сила, а ќе отпочнат да се применуваат 18 месеци од денот на влегувањето во сила. Комисијата за хартии од вредност е должна прописите, подзаконските акти и другите акти врз основа од овие закони да ги донесе најдоцна до денот на нивната примена. Депозитарот е должен да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за финансиски инструменти во рок од 12 месеци од денот на неговата примена и да поднесе барање до Комисијата за добивање одобрение согласно одредбите од овој закон. Исто така, Депозитарот е должен да го воспостави Фондот за обесштетување на инвеститори во рок од 12 месеци од денот на примената на Законот за финансиски инструменти, а постојните акти на Депозитарот ќе се применуваат до денот на одобрување од страна на Комисијата на актите на овластениот депозитар донесени врз основа на Законот за финансиски инструменти.

Во врска со навременото усогласување со новите законски решенија, Депозитарот започна со активности на анализа на законите и подготовка на акционен план за потребните измени на актите на Депозитарот; воведување на двостепепен систем на управување; дополнителното зголемување на капиталот заради усогласување со новите капитални барања; воведување дополнителна главна функција на организирање на систем за котации на понуда и побарувачка на државни хартии од вредност, финансиски деривативни инструменти како и за трансакции финансирани со хартии од вредност (ОТЦ трансакции) за сите учесници на ОТЦ пазарот, формирањето на Фондот за обесштетување на инвеститори; потребните системски прилагодувања и останато.
Во текот на третиот и четвртиот квартал, Комисијата објави и стави на јавна расправа повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од одредбите на двата закони, а во дел од нив е уредена, меѓуостанатото, и работата на Депозитарот.

Со оглед дека некои од подзаконските акти воведуваат суштински нови решенија во однос на функционирањето на Депозитарот, се пристапи кон анализа на нацрт-правилниците, и тоа од аспект на нивна усогласеност со законските одредби, применливоста, финансиските импликации, динамиката за усогласување на интерните процеси, а особено беше посветено внимание на оние одредби кои би биле неприменливи во праксата или би можеле да предизвикаат нарушување на деловните процеси во Депозитарот. Резултатите од извршената анализа беа сумирани во форма на коментари и навремено доставени до КХВ, истовремено нудејќи и одредени решенија за констатираните состојби.

### Предлог Закон за трговските друштва

Во првиот квартал во Министерството за економија се одржа јавна расправа по текстот на новиот Предлог Закон за трговските друштва на кој присуствуваа и преставници од Депозитарот. Како резулатат од забелешките на присутните, вклучително и Депозитарот по однос на одредени одредби кои го засегаат работењето на акционерските друштва, од страна на изготвувачот на Предлог Законот беше побарано КХВ, Берзата и Депозитарот да достават мислење, односно предлог одредби. По истото беше постапено и Депозитарот достави мислење по

однос на: бројот на акционери кај издавачите кој ќе биде предмет на јавно објавување, објава на податоци во Годишните извештаи на акционерските друштва за сите сопственици на акции за претходната година, како и по однос на начинот, постапката и условите за издавање на бесплатни акции за вработените.

**Иницијатива за изменување на Законот за супервизија на осигурување**

Во текот на месец март Депозитарот достави Известување до Агенцијата за супервизија на осигурување со кое укажа на одредени нелогичности кои се предвидени со Законот за супервизија на осигурување (ЗСО), а кои се однесуваат на улогата на Депозитарот при спроведување на преносите на сопственоста над акции издадени од акционерски друштва кои се регулирани со ЗСО.
Со ЗСО е уредено дека секое лице кое има намера директно или индиректно, постапно или одеднаш да стекне акции со право на глас во друштво за осигурување чиј вкупен кумулативен, номинален износ е еднаков или го надминува нивото на квалификувано учество во друштвото за осигурување, потребно е да добие претходна согласност од АСО. Ова е обврска и за имателот на квалификувано учество за секое натамошно стекнување на акции во друштвото за осигурување врз база на кои директно или индиректно, постапно или одеднаш стекнува или надминува 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број на издадени акции со право на глас во друштвото за осигурување. Исто така, и во случај на стекнување врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон, постапно или одеднаш акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број акции со право на глас во друштво за осигурување, без оглед на тоа дали акциите ги стекнало директно или индиректно едно или повеќе поврзани лица, имателот е долже во рок од десет дена од конечноста, односно правосилноста на одлуката, да поднесе барање до Агенцијата за супервизија на осигурување за добивање претходна согласност за стекнување квалификувано учество.
Спорниот елемент во ЗСО е одредбата со која се забранува на Депозитарот во погорепрезентираните случаи да изврши запишување на акциите за кои не му е доставена согласност.

Во Известувањето Депозитарот нагласи дека иако е предвидена обврска за контролата која Депозитарот треба да ја изврши, не се предвидени механизми за начинот и постапката во која Депозитарот би ја извршил таквата контрола, во смисла за тоа како Депозитарот би можел да утврди дали лицето кое се стекнува со акциите е со друго правно или физичко лице на некаков начин поврзано, директно или индиректно. Поконкретно, Депозитарот при спроведувањето на барањата за нетрговските преноси не располага со правни механизми да утврди дали барателот е директно или индиректно е поврзан со друго лице-акционер во осигурителното друштво. На овој начин за Депозитарот неоправдано се создаваат правни ризици во работењето.

Со цел обезбедување на правна сигурност и за осигурителниот пазар, но и во функционирањето на Депозитарот, со Известувањето е побарано да се изменат одредбите кои за Депозитарот предизвикуваат обврска за спроведување на контрола за која Депозитарот не располага со механизми да ја спроведе во насока да се утврди обврска за Депозитарот за забрана за спроведување на нетрговски пренос во случај на договор за дар доколку барателот постапно или одеднаш стекнува акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број акции со право на глас во друштво за осигурување, а при тоа на Депозитарот не му е презентирана согласност од АСО, и тоа оваа забрана да се однесува исклучиво на нетрговски преноси врз основа на договор за дар или друг договорен однос, но не и за нетрговски преноси кои треба

да се спроведат врз основа на судски одлуки. Ова од причина што неспроведувањето на судска одлука само по себе е казниво дело.

На крајот Депозитарот истакна и дека доколку АСО опстои на ставот Депозитарот да биде одговорен субјект за контрола на тоа дали лицето кое се стекнува со акциите во осигурително друштво е директно или индиректно поврзано со друго правно или физичко лице, во ЗСО треба да бидат формулирани одредби кои ќе содржат механизми за контрола на ова забранeто дејствие (пр. потврда издадена од АСО или изјава заверена на нотар со која лицето кое се стекнува изјавува дека не се стекнува со квалификувано учество).

**Изменување и дополнување на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје**

Во март 2024 година, Одборот на директори на Депозитарот усвои Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, а со цел усогласување на Правилата со одредбите од Законот за здруженија и фондации и Законот за трговските друштва. Имено, Правилата за работа се дополнуваат со одредба со која, во постапката на основање или зголемување на основната главнина на трговско друштво, или основање или зголемување на имотната маса на фондација, а кои се со седиште во Република Северна Македонија, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво, или фондација и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето сé до пренесувањето на истите во сопственост на трговското друштво или фондацијата. Одлуката, согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е навремено доставена до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, заради добивање согласност. Комисијата донесе Решение со кое даде согласност на Одлуката на Депозитарот за изменување и дополнување на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, со што Пречистениот текст на Правилата за работа отпочна да се применува сметано од 05.04.2024 година.

**Правилник за Регистар на акции**

Во текот на кварталот, во Министерството за финансии на РСМ беше во тек Твининг проект во рамки на кој се изработува и подазконски акт за Регистар на акции. Обврската за воспоставување на овој регистар произлегува од член 78 од новиот Закон за органски буџет. Имајќи предвид дека подзаконскиот акт за воспоставување на овој Регистар треба да содржи одредби од аспект на пазарот на капитал, Министерството за финансии достави нацрт верзија подготвена од страна на консултантите, а Депозитарот даде свој придонес преку предлози и коментари на нацрт верзијата на Правилникот.

**Инструкција за начинот на постапување на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје при водење на судски постапки**

Постапувајќи по насоки на внатрешната ревизија за 2023 година, Депозитарот во овој квартал донесе Инструкција за начинот на постапување на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје при водење на судски постапки со која се пропишуваат активностите кои се преземаат од страна на надлежните Дирекции во Депозитарот, дефинирањето на улогите, одговорноста, отчетноста, документацијата и начинот на комуникација помеѓу сите страни вклучени во процесот. Инструкцијата се однесува на сите управни, граѓански или кривични судски постапки во сите фази на постапката, во кои Депозитарот е страна на спорот.

**Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РСМ**

Во текот на 2024г, Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Во текот на 2024г како обврска произлезена од Правилникот на КХВ за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари („Службен Весник на РСМ“ бр. 273/2020) Депозитарот до Информатичкиот Систем за Супервизија и Известување на КХВ, достави над 100 известувања.

Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори

Одборот на директори на Депозитарот, на својата 20-та седница одржана на 12.04.2024г, донесе Одлука за свикување на 30-то годишно Собрание на акционерите на Депозитарот, кое што се одржа на 15.05.2024г. На редовно акционерско собрание на акционерите на ЦДХВ АД Скопје, Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше и ги одобри/усвои следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2023 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2023 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката оставарена по годишната сметка за 2023 година.
6. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година.
7. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година.

8. Годишен извештај за работењето на одделението за внатрешна ревизија на ЦДХВ АД Скопје за 2023 година.
9. Информирање за поднесена оставка од неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10. Одлука за избор на неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.

По однос на точка 10, во текот на месец април 2024 година од страна на неизвршниот член на Одборот на директори г-ѓа Соња Угриновска Бојаџиевска поднесена е неотповиклива оставка од оваа позиција, со важност по 10.05.2024 година. Дополнително, на вршителот на должноста- неизвршен член г-ѓа Нина Неданоска, согласно Законот за трговски друштва, и престана мандатот по сила на закон.

Со поднесената оставка на неизвршниот член на Одборот на директори, и престанокот на мандатот на вршителот на должноста-неизвршен член, Одборот на директори беше запознаен навремено. Поради сето претходно наведено, а по претходна проверка на исполнетоста на условите, интегритетот и професионалните капацитети на предложените членови г. Марко Савовски и г-ѓа Антигона Буклеска Младеновиќ, Одборот на директори на Депозитарот одлучи овие лица да ги предложи за избор за нови неизвршни членови на Одборот на директори што беше прифатено на годишно Собрание на акционери на Депозитарот.

Наведените промени, во рамки на законски предвидениот рок, беа спроведени во Централниот регистар на РСМ, и беа спроведени сите активности за задолжително известување и објави согласно актуелните законски прописи.

Внатрешна ревизија

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година, од страна на лицето задолжено за внатрешна ревизија, изготвени се четири внатрешни ревизорски Извештаи за:

- Ревизија за начинот на постапување на ЦДХВ АД Скопје по издадените структурни обврзници согласно Законот за финансирање на единциите на локалната самоуправа со конечен извештај во април 2024 година,
- Ревизија на процесот на доставување на месечни извештаи до КХВ со конечен извештај во јуни 2024 година,
- Ревизија на одржување на системите за поддршка на ИТ опремата на ЦДХВ со конечен извештај во октомври 2024 година,
- Ревизија на процедура за пресметка на купони и главници од државни хартии од вредност со конечен извештај во декември 2024 година.

Изготвени се Полугодишен и Годишен извештај за извршените внатрешни ревизии.

## 9. Меѓународна соработка

АННА

- На почетокот на 2024г до АННА беа испратени одговори на прашалници кои се однесуваат на надоместоците за доделувањето на кодовите за финансиските инструменти, а секојдневно до ASB беа испраќани податоци за хартиите од вредност регистрирани во Депозитарот.
- Од страна на АННА беше организиран вебинар на тема: DIGITAL ASSETS FROM A to Z. Вебинарот го следеше представник на Депозитарот, а на истиот беа опишани активностите кои ги презема АННА за доделување на ISIN броеви на дигиталните средства.
- На 13 и 14 јуни 2024г, во Мадрид, Шпанија се одржа Генералното собрание на АННА на кое  присуствуваа Извршниот директор и претставник на Раководителите на дирекциите од Депозитарот. На собранието беа разгледани следните теми: АННА Implementation Company (AIC), Стратегиски и организациски преглед на активностите, Избор на два члена на Одборот на директори, Статусот на ИСО стандардите, Маркетинг и односи со јавноста, ИСИН-ЛЕИ линк,  Извештаи од работните и регионалните  групи, Финансии и останато.

- На 03.12 -04.12.2024г во Варшава, Полска се одржа Вонредното Генерално собрание на АННА. На собранието присуствуваа претставници од 32 членки, додека останати 42 членки беа застапени преку полномошна за собрание, со што беше исполнет кворумот од вкупно 73.3% застапеност на собранието. Депозитарот учествуваше на Собранието со свои претставници. На собранието беа усвоени следните резолуции: усвоени се Внатрешните правила како дел од управувачката рамка на АННА; беа примени 10 нови полноправни членки и една нова членка како партнер; усвоен е ревизорскиот извештај; усвоена е одлуката за годишен надомест за членство за 2025г  од 4.000 ЕУР; усвоен е финансискиот план за 2025 година, усвоена е новата верзија на Насоките за доелување на ИСИН кодови. Во рамки на собранието беа одржани и презентации за работата на повеќе работни групи во состав на АННА. Следното Собрание на АННА ќе се одржи од 18-20 јуни, 2025г во Сплит, Хрватска.

ЕЦСДА

- На 22.03.2024г се одржа состанок на Одборот на директори на ЕЦСДА и Генералното собрание. Извршниот директор на Депозитарот го следеше состанокот и Генералното собрание, а на истите беа разгледани и усвоени измените на Статутот на ЕЦСДА.

- На 14.05.2024г се одржа состанок на Одборот на директори на ЕЦСДА и редовното Генерално собрание. Извршниот директор на Депозитарот го следеше состанокот и Генералното собрание, а на истите беа разгледани и усвоени ревидираната годишна сметка за 2023г, беше назначен надворешен Ревизор за наредните 3 години, беше одобрен годишниот буџет за 2024г, вклучително и новите надоместоци кои за Депозитарот како придружна членка ќе изнесуваат 11.000 ЕУР, беа номинирани советници и набљудувачи на Советот на ЕЦСДА.

- На 19.11.2024г во Брисел, Белгија се одржа Конференцијата на ЕЦСДА, а на 20.11.2024г се одржа првиот состанок на Советот на ЕЦСДА (Senior CSD Industry Council Meeting). На овие настани присуствуваа претставници од раководството на Депозитарот. Теми на овој состанок беа улогата на ЕЦСДА во надминување на бариерите од фрагментација преку консолидација на депозитарите; воведувањето на Т+1 порамнување за кое се утврди дека ќе започне со примена од 11.10.2027г; дигиталните средства и иновациите кај депозитарите, Европски посттрговски сценарија за еволуција, влијанието на регулативата за спречување на перење пари на односите на депозитарите со издавачите во поглед на KYC (запознај го клиентот) длабинската анализа. Во рамки на состанокот беа одржани и презентации за работата на повеќе работни групи во состав на ЕЦСДА.

- Во текот на 2024г до ЕЦСДА беа испратени редовните годишни статистички податоци за Депозитарот, како дел од базата на депозитари на ЕЦСДА која се ажурира со годишна динамика.

- Во текот на 2024г од страна на ЕЦСДА континуирано беа испраќани информации во врска со работата на работните групи за усогласеност, за порамнување, за корпоративни дејства, за политики, за технологии со што беше овозможено тековно следење на активностите на останатите депозитари – членки на ЕЦСДА.

<u>Останато</u>

- Во текот на 2024г  продолжи соработката со Thomas Murray,  при што на почетокот на годината Депозитарот неофицијално беше известен дека Комитетот за проценка на ризици му додели оценка на Депозитарот – А (низок ризик), а подоцна Извештајот за проценка на ризици на Депозитарот официјално стана достапен за клиентите на  Thomas Murray.

- Во текот на 2024г од страна на Депозитарот до Thomas Murray беше доставен ESG извештај, а податоците на платформата за следење на ризици беа соодветно ажурирани.

  И оваа година Депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2024-2025.

## 10. Едукативни и промотивни активности во текот на 2024 година

- Од 13-15 март 2024г претставници на Депозитарот присуствуваа на обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на РСМ и TAIEX експертската мисија за анализа и развој на пазарот на капитал. Целта на оваа мисија на TAIEX беше споделување на практично искуство во процесот на имплементација на новите закони (Закон за финансиски инструменти и Закон за транспарентност и проспекти на издавачите на хартии од вредност). Имено, преку оваа мисија експертите од ХАНФА (Хрватска агенција за надзор на финансиски услуги), го споделија своето знаење и искуство од процесот на усвојување и спроведување на законодавството во хрватското законодавство и дадоа насоки и искуство кои би биле соодветни и применливи за пазарот на капитал во Република Северна Македонија. Истовремено, целта на овој проект е да помогне и во процесот на изготовка на подзаконските акти што ќе претставува примарна задача на Комисијата за хартии од вредност во претстојниот период до денот на започнување со примена на законите. Во текот на обуката беа подетално разгледани имплементациите на Директивата за транспарентност на издавачите, Директивата за проспекти, местата на тргување согласно МИФИД 2 и Регулативата за централни депозитари за хартии од вредност.
- Вработени од Депозитарот присуствуваа на 87-та Средба на правници на Здружението на правници на Република Северна Македонија, која се одржа од 09 до 11 мај 2024г во хотел Дрим, Струга. На средбата беа покриени актуелните теми од различни правни области, а од аспект на особен интерес за Депозитарот наплата на побарувања и работни односи.
- Од страна на ANNA беше организиран вебинар на тема: DIGITAL ASSETS FROM A to Z. Вебинарот го следеше претставник на Депозитарот, а на истиот беа опишани активностите кои ги презема ANNA за доделување на ISIN броеви на дигиталните средства.
- На 16.04.2024г се одржа состанок на работната група за сајбер безбедност на критична инфраструктура (CICWG) за финансискиот сектор во РС Македонија на тема "Мапирање на оператори и услуги, и размена на информации" каде присуствуваа и претставници од ИТ дирекцијата на ЦДХВ.
- Вработени од Депозитарот учествуваа на on-line презентација за користење на Sign Plus платформата, во организација на КИБС. На презентацијата беа претставени можностите за електронско испраќање и прием на документи преку сигурна и безбедна врска, начинот на електронско потпишување на документите, нивно прикачување и испраќање до еден или повеќе корисници, како и прием на документи испратени преку оваа платформа.
- Вработени во Депозитарот присуствуваа на 23-тата Годишна конференција на Берзата, која од 19-21 септември 2024г се одржа во Охрид, во организација на Македонската берза АД Скопје. На конференцијата, преку поединечни излагања и панел дискусии присутните имаа можност да ги следат презентациите на еминентни преставници од земјата и странство од финансискиот сектор и индустријата на пазарот на капитал, преставници од јавниот и приватниот сектор, кои ги пренесоа своите видувања за актуелните случувања на пазарот на капитал, можностите за инвестирање во хартии од вредност, растот и развојот на инвестициите во осигурителниот сектор и пензиските фондови, берзанската котација како можност за финансирање на деловните активности на котираните компании и нивната транспарентност кон инвеститорите, како и трендовите на пазарите на капитал во ЈИЕ, во дел од регионалните берзи и проекциите на развиените пазари на капитал во периодот кој следи. На конференцијата од страна на преставници на регулаторот беа презентирани особеностите во новите национални законски решенија со кои се регулираат финансиските инстументи и пазарот на капитал, а со кои се врши усогласување со европското релевантно законодавство. Посебен дел на

конференцијата беше издвоен за интервјуа од областа на родовата еднаквост а особено за вклучувањето на жените во процесите на управување и одлучување, како и семејното наследување и фамилијарните бизниси, а презентирана беше и дигитализацијата со телеком услуги.

- Вработени од ИТ дирекцијата на ЦДХВ, во четвртиот квартал од 2024г. посетија дводневен „онлајн“ семинар на тема „Управување со развој на софтвери – тестирање и пуштање во продукција“.
- Овластеното лице од Депозитарот, и неговиот заменик надлежни согласно Програмата на Депозитарот за спроведување на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, соодветните подзаконски акти и актите на Депозитарот одржаа обука со новините во Програмата на Депозитарот за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од спречување перење пари и финансирање на тероризам, усвоена на крајот од декември 2023г, со која се врши усогласување со новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на РСМ“ бр.151/2022), како и Одлуката за усвојување на Проценката на ризик на ЦДХВ АД Скопје од перење пари и финансирање на тероризам од јуни 2024г.
- За вработените во Депозитарот кои вршат задачи на спречување перење пари и финансирање на терориозам при воспоставување деловен однос со клиенти заради отворање на сметки, ажурирање на податоци, како и вршење на нетрговски преноси со хартии од вредност, беше одржана и обука за нивно запознавање со новините во Законот за изменување и дополнување на законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/24) од 09.10.2024г, особено од аспект на надлежностите на Депозитарот.
- Овластеното лице од Депозитарот, надлежно согласно Програмата на Депозитарот за спроведување на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, соодветните подзаконски акти и актите на Депозитарот присуствуваше на онлајн состанок со странскиот експерт вклучен во изготвување на Извештајот за НРА за периодот 2019-2023 година (Националната проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам), на кој свои излагања имаа претставници од КХВ, во врска со коментари и прашања од аспект на надлежностите на КХВ и пазарните учесници во насока на поуспешно и подоследно имплементирање на дадените предлози за имплементација на Извештајот.
- Претставници од Депозитарот присуствуваа на конференцијата на „Блумберг Адрија“, Back to Business, која се одржа на 29 октомври 2024г, на која еминентни говорници, преставници на финанскиот и реалниот сектор, како и претставници на Владата на РСМ говореа за потенцијалот за раст на РС Македонија, квалитетот на растот и неговите идни двигатели, напредокот на финансискиот сектор, како и за влијанието на иновациите и технолошкиот напредок врз растот и развојот на овие два клучни сектори во македонската економија.
- Во 2024г, во посета на Депозитарот беа ученици од завршна година под менторство на својот професор од Средното економско и правно училиште “Васил Антевски-Дрен“ од Скопје, како и ученици од Средното економско и правно училиште ,,Кузман Јосифоски -Питу“ од Прилеп. Учениците беа запознаени со надлежноста на Депозитарот, организациската поставеност, начинот на кој Депозитарот ги врши своите функции со појаснување на постапката за регистрирање на нови акционерски друштва во системот на Депозитарот, регистрирање на нови емисии на хартии од вредност, доделување на единствен ISIN број и начинот на утврдување и порамнување на склучените трговски трансакции со хартии од вредност. Депозитарот на присутните им ги презентираше и чекорите кои се преземаат во постапките за спроведување на нетрговски преноси со хартии од вредност, врз основа на склучени договори за дар, наследни решенија и сл.

## 11. Други активности во текот на 2024 година

- Во месец јануари 2024г беше реализирана обврската на Депозитарот за доставување на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 123 акционерски книги (по ИСИН број), до 120 акционерски друштва. Не беа доставени акционерски книги до 71 издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година, до 16 друштва кои ги подигнале акционерските книги на рака во просториите на Депозитарот пред да бидат испратени, како и до 225 издавачи кои склучиле Договор за пристап на Порталот за инвеститори и издавачи, преку кој имале бесплатен пристап до акционерските книги со состојба на ден 31.12.2023г.
- Во текот на првиот квартал од 2024г, Депозитарот писмено се обрати до Министерството за финансии на РСМ, со Предлог за измена на Договорот за меѓусебните обврски што произлегуваат од запишувањето, водењето, пресметувањето и сервисирањето на државните хартии од вредност склучен помеѓу Министерството за финансии и Депозитарот, при што се бара укинување на попустот од 50% на дел од надоместоците кои ги наплаќа Депозитарот. Во дописот беа наведени правната рамка, тековните состојби и активности, наплатата на услугите, причините за укинување на попустот како и споредба со надоместоците кои ги наплаќаат депозитарите во регионот по овој основ.

Исто така, Депозитарот достави до Министерството за финансии и Информација којашто се однесува на активностите околу стекнувањето на имотен лист за деловниот простор на Депозитарот во просторите на Комплекс Банки. Информацијата имаше за цел да обезбеди краток преглед на активностите и предизвиците кои произлегуваат за Депозитарот поради нерешениот имотно-правен статус на деловниот простор повеќе од две децении, како и модалитетите за негово надминување, а беше еше одржан и состанок со министерот за финансии, на кој беше образложено барањето на Депозитарот за укинување на попустот за услугите за државните хартии од вредност и изнаоѓање на солуција за деловниот простор.

- Комисијата за хартии од вредност, во февруари 2024г, до Депозитарот достави допис за спроведување на посреден надзор над постапувањето на Депозитарот во врска со барање за спроведување на нетрговски пренос на акции издадени од акционерско друштво, со барање Депозитарот, до КХВ да достави информација со хронологија на сите настани и постапувања преземени од страна на Депозитарот, како и од сите вклучени субјекти и органи кои се обратиле, или до кои се обратил Депозитарот и какви одговори се добиени од истите, дополнителни информации за предметот, податоци за идентификација на субјектите, односно преземени мерки од страна на Депозитарот согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, со барање сите наводи во информацијата да бидат поткрепени со соодветна документација. Депозитарот постапи по барањето на КХВ за спроведување надзор и на ден 27.02.2024г достави известување со бараните податоци, документи и останати прилози. КХВ изврши посреден надзор над работењето на Депозитарот во врска со целокупното постапување на Депозитарот по поднесеното барање за нетрговски пренос, а особено во делот на вршење на идентификација на субјектите согласно ЗСППФТ. КХВ достави известување до Депозитарот дека на седница на Комисијата одржана на 16.05.2024г, по разгледувањето на целокупното постапување по конкретниот предмет и по спроведениот надзор заклучила дека не се констатирани неправилности во постапувањето на Депозитарот, со што се смета дека надзорот е завршен.
- Во текот на вториот квартал од 2024г беше изработена Анализа на потребните капитални барања на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје со

примена на одредбите од европската регулатива за депозитари. Имено, изработката на оваа анализа е дел од рамката за управување со ризици на Депозитарот, уредена со Политиката за управување со ризици. Финансиските податоци содржани во Анализата се преземени од ревидираните финансиски извештаи за годините кои завршуваат на 31.12.2021г, 31.12.2022г и 31.12.2023г со рекласификација и збирно преставување на пооделни приходни и расходни ставки согласно одредбите од ЕУ регулативите за капиталните барања. Покрај тоа, изработени се проекции за неповолните сценарија потребни за пресметка на изложеноста кон деловен ризик.

- Депозитарот учествуваше и во изработка на Придонесот кон Извештајот на ЕК за Поглавје 9 Финансиски услуги со одговори на прашања од својата надлежност.
- Во текот на 2024г склучени се Договори за користење на дистрибутивниот систем со 17 издавачи, а обезбеден им е електронски пристап до податоците на 60 иматели на хартии од вредност.
- Во организација на КХВ беше одржан подготвителен состанок за спроведување на Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам и подготвување на Извештај за Националната проценка на ризикот, за што подоцна е изготвено и Решение за формирање на работна група од страна на директорот на Управата за финансиско разузнавање како претседател на Советодавното тело за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Во две од 10-те работни подгрупи членуваат двајца претставници од Депозитарот (Работна подгрупа за утврдување ризици од перење пари кај секторот за хартии од вредност и Работна подгрупа за утврдување на ранливоста на системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам).
- За целите на „Инвеститорскиот ден“ којшто се одржа на 13.09.2024г, од страна на Депозитарот беа преземени сите потребни активности да им се овозможи на берзанските учесници автоматско преземање на провизиите за повластените трансакции согласно иницијативата сите домашни физички лица да можат да купат или продадат кои било акции без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници кои беа вклучени во оваа иницијатива. За ослободување од провизиите потребно беше да се исполнат условите да се склучат нормални трансакции со акции преку БЕСТ системот, износот на остварениот дневен промет по индивидуален инвеститор да не изнесува повеќе од 10.000 евра независно од бројот на берзански трансакции преку кои истиот ќе биде остварен и трансакциите да бидат склучени преку клиентска, односно сопственичка сметка.
- Депозитарот и Основно јавно обвинителство Скопје склучија Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за електронски пристап до податоците на Депозитарот, со кој на ОЈО заради вршење на своите надлежности согласно Законот за јавното обвинителство, му се овозможи електронски пристап до податоците за сопственост на хартии од вредност на физички и правни лица, а истовремено Депозитарот изготви и Корисничко упатство за регистрираните корисници, по претходно извршени технички прилагодувања на системот од страна на ИТ дирекцијата во Депозитарот
- Депозитарот склучи Договор за обезбедување на пристап на Управата за финансиска полиција до податоци за сопственоста над хартии од вредност кои се водат во системот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје со што на Управата и се овозможи електронски пристап до податоците за сопственост на хартии од вредност на физички и правни лица, а истовремено Депозитарот изготви и Корисничко упатство за регистрираните корисници, по претходно извршени технички прилагодувања на системот од страна на ИТ дирекцијата во Депозитарот
- Депозитарот, како институција во која согласно закон се регистрираат во форма на електронски запис хартиите од вредност издадени во Република Северна Македонија, вклучително и обврзниците издадени од РСМ (обврзници од

денационализација, обврзници од депонирани девизни штедни влогови, останати државни и структурни обврзници), има воспоставен систем на размена на податоци со банките во поглед на: овластувања за исплата на средства од обврзници од депонирани девизни штедни влогови и обврзници од денационализација, прием на податоци за овластувања за исплата на иматели на обврзници за денационализација и прием на податоци во регистарот за обврзници за депонирани девизни штедни влогови за новоиздадени обврзници и за овластувања за исплата, потврда за враќање на податоци со внесен формат на грешки, како и податоци за исплата на сопствениците на обврзници.
Во насока на обезбедување на сигурна и безбедна размена на податоците, особено од аспект на заштита на личните податоци на имателите на овие обврзници, Депозитарот заклучно со 2023г имаше склучено Договор за размена на податоци по електронски пат со 5 банки. Во јуни 2024г Депозитарот до 5-те банки со кои има склучено ваков договор, како и до 6 банки со кои до тој момент размената на податоци се одвиваше преку достава на податоци на магнетни медиуми, достави известување дека досегашниот систем на размена на податоци со банките (на магнетен медиум – ЦД), Депозитарот целосно ќе го замени со воведување на размена на податоци единствено преку безбедна е-меил врска.
Како резултат на доставеното известување до банките, како и пропратни документи (Корисничко упатство, останати потребни документи за техничко спроведување на договорот како и за соодветна заштита на податоците кои се предмет на размена), Депозитарот на крајот од јули со 10 банки склучи Договор за размена на податоци по електронски пат, и отпочна со оперативно спроведување на Договорите сметано од 1-ви август 2024г.

- Во 2024г, стручните служби на Депозитарот работеа на утврдување на нацрт-договор за електронски пристап за извршителите до податоците на Депозитарот, со кој на оваа категорија на корисници заради вршење на своите надлежности уредени со Законот за извршување, би им се овозможил електронски пристап до податоците за сопственост на хартии од вредност на физички и правни лица. Паралелно со изработката на Договорот беа разгледувани и потребните прилагодувања на системот, како и развивање на нацрт корисничко упатство за начинот на регистрирање на системот и пристапот до податоците.
- Во последниот квартал од 2024г до Управата за јавни приходи повторно е доставена иницијатива за склучување на Договор за регулирање на меѓусебните права, обврски и одговорности на договорните страни при обезбедување на податоци од системот на Депозитарот кои се однесуваат на сопственоста над хартии од вредност, отпочната уште во 2022г. Имено, со склучување на овој Договор, на Управата би и се овозможил брз, ефикасен и безбеден пристап до податоците на Депозитарот, кој во целост би се одвивал по електронски пат, со ефикасно користење на материјалните и човечки ресурси на двете договорни страни.
- На крајот од годината, извршени се редовни систематски прегледи на вработените во Депозитарот.
- Во последниот квартал од 2024г отпочната е реализација на Проект поддржан од ЕБРД, за унапредување на работењето на ЦДХВ, кој ќе го спроведуваат експерти од КПМГ Хрватска. За таа цел, до експертите доставени се бараните податоци, информации и извештаи, одржани се неколку онлајн состаноци и на база на анализата, од страна на КПМГ Хрватска доставен е до Депозитарот првичен Извештај во кој покрај другото е содржан и план за работа со предвидени активности, состаноци, интервјуа, како и рокови за спроведување на активностите и краен рок за доставување на финалниот извештај, кој е предвидено да се финализира до крајот на првото полугодие од 2025г.

- Согласно обврската од Законот за трговски друштва спроведен е Попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со состојба на ден 31.12.2024г. Притоа утврдено е дека нема отстапувања на средствата и обврските со сметководствената и фактичката состојба утврдена на ден 31.12.2024г.

- Во текот на 2024г, Депозитарот постапуваше по барања на Владата на РСМ, Министерства, Агенции, Комисии, Дирекции, Фондови, Управа за јавни приходи, Заложен регистар, ЈУ-Центри за социјални работи, Здруженија на граѓани, фондации, невладини организации и сл, нотари, адвокати, извршители, вештаци, стечајни управници, и останати физички и правни лица за издавање на потврди, извештаи, акционерски книги, како и издавање на податоци поврзани со тековното работење на Депозитарот, како и барања на податоци од историската база на податоци. По сите комплетирани барања е постапено и доставени се бараните извештаи или изготвени се одговори, во зависност од содржината на предметот на барањето.

Само за одредена категорија на баратели (ЈУ-Центри за социјална работа, УЈП Регионални дирекции надвор од Скопје, и УЈП Дирекции во Скопје, како и барања поднесени од страна на правни и физички лица за издавање на Потврди за сопственост на хартии од вредност за целите на Ипард програмите) оваа година Депозитарот изготви значителен број на Потврди (доставени до физички и правни лица), и одговори до државните институции (УЈП и ЈУ-Центри за социјална работа), со кои оперативно се опфатени пребарувања за сопственост на хартии од вредност за околу 10.000 физички и правни лица.
2024 година Депозитарот ја заврши со околу 4600 предмети заведени во електронската архива на Депозитарот, како и околу 3000 подброеви, од кои само незначителен дел се дописи и известувања доставени до Депозитарот, за кои Депозитарот не доставува повратен одговор, а процентуално најголемиот дел се барања за постапувања доставени од физички и правни лица, издавачи на хартии од вредност, членки, останати субјекти, државни органи и институции и по сите е постапено од страна на стручните служби на Депозитарот (доставени се одговори, известувања, податоци и сл, постапено е по барања за спроведување преноси и сл), како и материјали изготвени од страна на Депозитарот (дописи, известувања доставени до правни и физички лица, институции и сл, како и интерни акти, договори и сл).

Од аспект на архивското работење, во рамките на последниот квартал од 2024г извршено е уништување на документарен материјал чиј рок за чување е изминат. Уништувањето на материјалот е во согласност со прописите кои го уредуваат архивското работење, но и прописите од областа на заштита на личните податоци.

- И во текот на 2024та година Депозитарот имаше бројни активности околу редефинирањето на повеќедеценискиот концепт на уредување на одржувањето, обезбедувањето и противпожарната заштита во Комплексот банки што досега како услуги беа обезбедувани од страна на стручните служби на НБРСМ, а НБРСМ е на став дека повеќе не е во можност да ги обезбедува поради законски пречки. Најголемиот дел од активности се однесуваа на изготвување на техничка спецификација за избор на надворешно стручно правно лице кое ќе изготви Елаборат за начинот на поделба на точките на ПП заштита и обезбедување

## 12. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје, на 31.12.2024 година, го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на други трговски друштва |
|---|---|---|
| 1 Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Други финансиско-услужни дејности | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| 2 Марко Савовски | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 3 Антигона Буклеска Младеновиќ | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 4 Бобан Гоговски | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност:Финансиско посредништво и банки | ➢ АД Тетекс Тетово – извршен член, член на надзорен одбор на ТТК банка АД Скопје и<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 5 Проф. др. Ѓорѓи Гоцков | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 6 Ирена Николовска | / | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 7 Проф. Др. Александар Стојков | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Годишните примања за 2024 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ се следните редоследно според табеларниот преглед во нето износ: 2) 1.914.758 денари нето плата и 397.892,00 денари надоместоци на плата ; 3) 2.315.165 денари плата и 93.066 денари надоместоци на плата; 5) 1.502.139 денари плата и 883.858 денари надоместоци на плата; 6) /; и 7) 1.294.660 денари плата и 1.101.065 денари надоместоци на плата.

Остварените надоместоци од членување во органи на управување на други трговски друштва, ккао и надоместоци по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Иван Штериев и г-динот Бобан Гоговски се соодветно прикажани во годишните извештаи на Македонската Берза АД Скопје и Тетекс АД Тетово како друштва во чии органи на управување членуваат.

По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите неизвршни членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари.

Поради успешно завршена деловна година, а согласно *Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери, одржано на 22-05-2019 година*, за 2024та година следи награда во износ од 4 месечни паушали по член на Одборот, соодветно според периодот на членство во Одборот во 2024 година.

Извршниот директор не членува во органи на управување на други друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 11 од овој Извештај.

## 13. Остварени финансиски резултати во 2024 година

Во деловната 2024 година, Депозитарот оствари вкупни приходи во износ од 67,618 милиони денари.

Во однос на 2023 година вкупните приходи остварени во 2024 година, покажуваат зголемување за 27,430 милиони денари, или процентен раст од 68%.

Во однос на планираната годишна проекција, вкупните приходи остварени во 2024 година, покажуваат зголемување за 20,193 милиони денари, или процентен раст од 306%.

Зголемувањето на реализацијата на вкупните приходи во 2024 година во однос на 2023 година, главно е резултат на зголемена реализација на вкупните реализирани приходи по основ на порамнување на акции и обврзници на овластена берза како и зголемени приходи од услуги кон правни лица по основ на преземање на акционерски друштва.

**Приходи**

Приходи од вложувања

Приходите од камати во 2024 година се реализирани во износ од 2,735 милиони денари и претставуваат 4,04% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се остварените приходите од камати на орочени депозити, остварени приходи од камата од вложени средства во краткорочни државни хартии од вредност-државни записи, како и остварените приходите по основ на принос од продажба на удели во парични фондови. Вкупните остварени приходи од камати, покажуваат зголемување за 1,210 милиони денари или процентен пораст од 79% во 2024 година во однос на 2023 година.

Во однос на планираната годишна проекција, остварените приходи по овој основ покажуваат зголемување за 885 илјади денари или процентен пораст од 48%.

На 31.12.2024 година Депозитарот има денарски депозити во вкупен износ од 65,000 милиони денари орочени на 6(шест) и 12 (дванаест) месеци во следните Банки: Шпаркасе Банка АД Скопје (23,000 милиони денари), Халкбанка АД Скопје (13,000 милиони денари Стопанска Банка АД Скопје (10,000 милиони денари), ТТК Банка АД Скопје (10,000 милиони денари) и УНИ Банка АД Скопје (9,000 милиони денари) со каматни стапки кои се движат од 2,60% до 3,40%.

На 31.12.2024 година Депозитарот има краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање (до една година), т.е. вложувања во краткорочни државни хартии од вредност (државни записи) во вкупен износ од 15,000 милиони денари со каматна стапка од 3,80%, како и краткорочни вложувања расположливи за продажба (парични удели) во вкупен износ од 17,097 милиони денари.

Приходи од провизии и надоместоци

Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци за 2024 година изнесуваат 64,256 милиони денари и претставуваат 95,03% во структурата на вкупните приходи. Вкупните остварени приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат зголемување за 26,401 милиони денари или процентен раст од 70% во деловната 2024 во однос на 2023 година.

Во однос на планираната годишна проекција во финансискиот план за 2024 година, вкупните остварени приходи од провизии и надоместоци покажуваат зголемување за 19,631 милиони денари или процентен раст од 44%.

Подетално подолу се презентирани сите видови приходи од провизии и надоместоци поединечно:

- Остварените приходи во 2024 година по основ на прием на нови членки во Депозитарот – прием на Халкбанка АД Скопје како овластен берзански посредник, изнесува 330.000 мкд и во однос на планираната проекција за 2024 година се 100% реализирани. Овие приходи учествуваат со 0,49%. Во 2023 година приходи по овој основ не се реализирани.
- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2024 година изнесуваат 780 илјади денари.
  Во вкупните приходи, овие приходи учествуваат со 1,15%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува намалување за 377 илјади денари или процентен пад од 33% во деловната 2024 година во однос на 2023 година. Намалувањето на приходите по овој основ главно се должи на помал исфактуриран надомест за пристап за членство, заради поголеми реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Во рамките на планираната проекција приходите по основ на годишна членарина покажуваат намалување за 402 илјади денари или процентен пад од 34%.
- Остварените приходи по основ на порамнување во 2024 година изнесуваат 27,011 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 39,95%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат поголемото учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнување покажуваат зголемување за 17,398 милиони денари или процентен пораст од 181% во 2024 година во однос на 2023 година.
  Во однос на планираната проекција остварените приходи по основ на порамнување на трансакции покажуваат зголемување за 16,511 милиони денари или процентен пораст од 157% во 2024 година во однос на финансискиот план за 2023 година.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 208 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,31%. Остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот бележат процентен пораст, како во поглед на нивната реализација во 2024 година во однос на 2023 година, така и во однос на планираната годишна проекција за 2024 година.
  Во однос на реализацијата, приходите по основ на иницијален пристап покажуваат зголемување за 80 илјади денари или процентен пораст од 63% во 2024 година во однос на 2023 година. Во однос на годишната планирана проекција реализираните приходи по основ на иницијален пристап покажуваат зголемување за 80 илјади денари или процентен пораст од 63%.
- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за хартии од вредност, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците хартии од вредност во 2024 година изнесуваат 15,143 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 22,39%. Реализираните приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат намалување за 140 илјади денари, но главно нивната реализација е со иста динамика како и во 2023 година.

Вкупните остварени приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат реализација од 95% во 2024 година, т.е намалување за 742 илјади денари или процентен пад од 5% во однос на планираната годишна проекција за 2024 година.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2,968 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 4,39%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност се зголемени за 343 илјади денари или процентен пораст од 13% во деловната 2024 година во однос на 2023 година.
  Остварените приходи по овој основ покажуваат зголемување за 168 илјади денари или процентен пораст од 6%, во однос на годишната планирана проекција во 2024 година.
- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2024 година изнесуваат 1,474 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,18%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии во 2024 година се намалени за 184 илјади денари или процентен пад од 11% во однос на 2023 година.
  Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ на уписи на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2024 година покажуваат намалување за 326 илјади денари или процентен пад од 18% во однос на годишната планирана проекција за 2024 година.
- Остварените приходи од правни лица (услуги за преземање на АД, за извршени услуги по основ на упис на нетрговски преноси, нестандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, извршени услуги по основ на увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и сл.) во 2024 година изнесуваат 15,267 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 22,58%. Остварените приходи по горенаведените основи, покажуваат зголемување за 8,946 милиони денари или процентен пораст од 142% во 2024 година во споредба со реализираните во 2023 година.
  Во однос на планираната проекција истите покажуваат зголемување во износ од 4,767 милиони денари или процентен пораст од 45% во 2024 година во однос на годишната планирана проекција за 2024 година.
- Остварените приходи од физички лица (за извршени услуги по основ на нетрговски преноси, увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди и слично) изнесуваат 1,075 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 1,59%.
  Во 2024 година остварените приходи по овој основ се реализирани со иста динамика како во 2023 година. Остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица во однос на годишната планирана проекција за 2024 година, покажуваат намалување за 424 илјади денари или процентуален пад од 28%.
- Вкупните остварени останати приходи од дејност во 2024 година изнесуваат 627 илјади денари. Овие приходи од дејност учествуваат со 0,93% во вкупните приходи.

Во вкупните останати приходи од дејност се приходи по основ на позитивни курсни разлики, наплатени побарувања по исправка, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Вкупните остварени приходи од дејност во 2024 година покажуваат намалување за 181 илјади денари или процентен пад од 22% во 2024 година во однос на 2023 година, поради приходите од донација на амортизација на материјалните и нематеријалните вложувања добиен со грант од ЕБРД, чија реализација е завршена со 2023 година. Во однос на планираната проекција останатите приходи од дејност покажуваат зголемување за 77 илјади денари или процентен пораст од 14%.

**Расходи**

Во однос на 2023 година вкупните расходи остварени во 2024 година, покажуваат зголемување за 8,138 милиони денари, или процентен раст од 21% во 2024 година во однос на 2023 година.

Во однос на планираната годишна проекција, покажуваат зголемување за 5,408 милиони денари, или процентен раст од 13% во однос на планот за 2024 година.

Зголемувањето на реализираните вкупни расходи во најголем дел се должи на зголемениот расход кон регулаторот (надоместокот на Комисијата е директно поврзан со редовните приходи од деловното работење), исплатени награди за успешно завршена деловна година и исправката на вредноста на побарувањата.

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2024 година расходите за провизии и надоместоци главно се состојат од трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 421 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 0,89%. Трошоците за провизии за банки покажуваат намалување за 88 илјади денари или процентен пад од 17% во 2024 година во однос на 2023 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци во однос на годишната планирана проекција покажуваат намалување за 129 илјади денари или процентен пад од 23% во однос на планираното ниво. Ваквото намалување на банкарските провизии и надоместоци, пред се, се должи што Депозитарот не реализираше услуга како посредник во исплата на дивиденди на Акционерски друштва како во 2023 година.

- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (редовни бруто плати, бруто награди, регрес, отпремнини и друго) изнесуваат 20,610 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 43,57%.
  Во оваа категорија на трошоци се следните:
  - вкупен износ на бруто редовни плати во износ од 17,579 милиони денари на од кои 14,488 милиони денари за вработените како и бруто платата за извршниот директор во износ од 3,091 милиони денари
  - бруто награда за вработените во износ од 1,600 милиони денари и награда за извршниот директор во износ од 578 илјади денари.

  Во рамките на вкупните реализирани трошоци за вработените се трошоците по основ на колективен договор и тоа:
  - за вработените (регрес за годишен одмор, здравствени прегледи, отпремнини за пензија, јубилејни награди, еднократна испратнина поради

откажување на договорот за вработување од деловни причини, како и стручно оспособување) во вкупен износ од 853 илјади денари.

Вкупните реализирани трошоци за плати како и трошоците по основ на колективен договор во 2024 покажуваат зголемување за 2,233 милиони денари или процентен пораст од 12% во 2024 година во однос на 2023 година кога не беа исплатени награди за деловна успешност. Во однос на годишната планирана проекција во 2024 година вкупните реализирани трошоци за вработените покажуваат зголемување за 2,110 милиони денари или пораст од 11%.

- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 2,739 милиони денари во 2024 година. Трошокот на амортизација учествува во вкупните расходи со 5,79%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува иста динамика на реализација као и во 2023 година.
  Во однос на годишната планирана проекција за 2024 година, вкупниот трошок на име амортизација покажува намалување за 285 илјади денари или процентен пад од 9%, поради конечен отпис на дел од материјалните и нематеријалните вложувања.
- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2024 година изнесува 947 илјади денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 2% од вкупните расходи на Депозитарот за 2024 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, како и исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања.
  Реализацијата на трошокот за исправка на вредноста на побарувањата покажува зголемување како во однос на реализацијата во 2023 година, така и во однос на годишната планирана проекција. Зголемувањето на трошокот на исправка на побарувањата за 230 илјади денари, или процентен пораст од 32% во 2024 година во однос на 2023 година, како и зголемување за 247 илјади денари или процентен пораст од 35% во 2024 година во однос на планот е резултат на трошокот на име исправка на побарувања поради направеното обезвреднување на побарувањата заради неизвесноста на нивните плаќања.

<u>Останатите расходи од дејност</u> изнесуваат 22,588 милиони денари. Овие расходи учествуваат со 47,75% во вкупните расходи на Депозитарот.

Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот за регулаторниот надоместок спрема КХВ на РСМ за надзор на Депозитарот изнесува 11,566 милиони денари. Трошокот за надоместокот кон КХВ учествува со 24,45% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останатите расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 51,20% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија по основ на овој регулаторен надоместок покажува зголемување за 4,752 милиони денари или процентен пораст од 70% во 2024 во однос на 2023 година.
  Во однос на годишната планирана проекција за 2024 година овој трошок покажува зголемување за 3,533 милиони денари или процентен пораст од 44% во 2024 година. Зголемувањето се должи на зголемена реализација во 2024 година во однос на 2023 година на вкупни реализирани приходи од услуги по Тарифа во 2024 година во однос на 2023 година.
- Материјалните и слични трошоци во 2024 година изнесуваат 2,181 милиони денари со учество од 4,61% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски

материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар, автогуми и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот згради НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, списанија и стручна литература. Овие расходи во 2024 година се намалени за 268 илјади денари или процентен пад од 11%, во однос на 2023 година.

Во однос на планираната проекција за 2024 година, овие трошоци се реализирани со намалување за 319 илјади денари или пад од 13%. Трошоците на име материјални и слични трошоци се тесно поврзани со деловното работење на Депозитарот.

- Трошоците за услуги изнесуваат 3,283 милиони денари со учество од 6,95% во вкупните расходи. Во трошоците за услуги се трошковните ставки на име трошоци за сервисни услуги за деловни активности, трошоци за поштенски услуги, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комуникациски услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за вработени во заедничките служби на НБРСМ, трошоците за финансиска ревизија и други. Во 2024 година реализацијата на вкупните трошоци по основ на услуги е со иста динамика како и во 2023 година.

  Во однос на годишната планирана проекција за 2024 година реализацијата на трошоците за услуги покажуваат намалување за 17 илјади денари или процентен пад од 1%.
- Трошоците за членовите на Одбор на директори изнесуваат 1,943 милиони денари со учество од 4,11% од вкупните расходи. Во реализираните трошоците за надомест на членови на Одбор на директори се вклучени надоместоците по основ на месечниот паушал, како и вкалкулирана награда за успешно реализирана деловна 2024 година согласно Одлука на собранието на акционери. Вкупните трошоци на членовите на Одбор на директори покажуваат зголемување за 469 илјади денари или процентен пораст од 32% во 2024 година во однос на 2023 година, како и пораст од 30% во однос на годишната планирана проекција (зголемувањето се должи како резултат на вкалкулирана награда за успешно реализирана деловна 2024 година, како неисплатени награди за 2023 година).
- Реализираните трошоци за службени патувања во 2024 година, изнесуваат 340 илјади денари, со процентуално учество од 0,72% во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања покажува зголемена реализација за 51 илјади денари или процентен пораст од 18% во 2024 година во однос на 2023 година. Во однос на годишната планирана проекција реализираните трошоци за службени патувања во 2024 година покажуваат намалување за 60 илјади денари или процентен пад од 15%.
- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во 2024 година изнесуваат 494 илјади денари со учество од 1,04% во вкупните расходи. Вкупните трошоци по овие основи покажуваат зголемување за 198 илјади денари или процентен пораст од 67% во 2024 година во однос на 2023 година (зголемени трошоци за организирање настани и промоција).

  Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во однос на планираната годишна проекција за 2024 година покажуваат зголемена реализација за 44 илјади денари или процентен пораст од 10%.
- Реализираните трошоци на име осигурување во 2024 година изнесуваат 451 илјади денари, со учество од 0,95% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот за осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување, како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за осигурување во 2024 година покажуваат

зголемување за 20 илјади денари и процентен пораст од 5% во однос на 2023 година. Реализацијата на трошоците за осигурување покажуваат зголемување за 11 илјади денари или процентен пораст од 2% во 2024 година и е во рамките на годишната планирана проекција.

- Реализацијата на другите трошоци во 2024 година изнесува 2,330 милиони денари, со учество од 4,92% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси, адвокатски трошоци трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично. Реализацијата на другите останати трошоци покажува зголемување за 481 илјади денари или процентен пораст од 26% во 2024 година во однос на 2023 година. Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2024 година покажува намалување за 171 илјади денари или процентен пад од 7% во 2024 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2024 година оствари добивка пред оданочување во износ од 20,313 милиони денари.

Пресметаниот данок на добивка за 2024 година е пресметан во износ од 2,233 милиони денари.

Добивката за финансиската година 2024 година изнесува 18,080 милиони денари.

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2024 година изнесува 130,029 милиони денари. Во структурата на активата на Депозитарот најликвидните средства во износ од 100,178 милиони денари (паричните средства, парични средства вложени во депозити во банки орочени на 6 (шест) и 12 (дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2024 година, краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање-до една година и краткорочни вложувања расположливи за продажба) учествуваат со 77,04%, што ја изразува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 17,112 милиони денари, учествуваат со 13,16% од вкупната актива.

Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември 2024 година, како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (побарувања за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината. Побарувањата од комитенти изнесуваат 11,424 милиони денари или 8,78% од вкупната актива.

Во рамките на вкупната актива се и следните ставки: вложување од 1(една) акција во АННА-Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари и останати побарувања во вкупен износ од 114 илјади денари.

Во останати побарувања се побарувањата по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др.

Во рамките на вкупната актива е билансната ставка одложени приходи и однапред платени трошоци во вкупен износ од 1,125 милиони денари во која влегуваат разграничени трошоци на име лиценци кои ќе бидат активирани во 2025 година, а временски се разграничени за наредни периоди (2025-2028 година).

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2024 година изнесува **130,029 милиони денари.** Вкупните обврски на 31.12.2024 година изнесуваат 8,140 милиони денари со учество од 6,26% во вкупната пасива.
Во рамките на останати обврски во вкупен износ од 5,745 милиони денари се вклучени износите за обврски спрема добавувачите (2,384 милиони денари) кои достасуваат во Јануари 2025 година, обврски по данок на додадена вредност за месец декември 2024 година (712 илјади денари), обврски за исплата на награда за успешно завршена деловна 2024 година за вработените (1,600 милиони денари) и извршниот директор (578 илјади денари), награда на членови на Одборот на директори (467 илјади денари) и други останати обврски (4 илјади денари).

Во рамките на вкупните обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2024 година како одделни пасивни билансни ставки се вклучени износите: износ од 2,149 милиони денари обврска за плаќање на данок на добивка по годишна завршна сметка за 2024 година, како и обврските по основ на одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди по основ на камата за краткорочните вложувања кои се чуваат до доспевање-државни записи во износ од 246 илјади денари.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2024 година изнесуваат 121,889 милиони денари со учество од 93,74% во вкупната пасива.

Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува 48.306 милиони денари, резервите 22,256 милиони денари, ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивната објективна вредност во износ од 22 илјади денари, добивката за финансиската година 2024 година изнесува 18,080 милиони денари, и задржаната добивка во износ од 33,225 милиони денари.

**Одбор на директори**

**Скопје, Март 2025 година**

**Претседател**
**Иван Штериев**

ЦДХВ А.Д.

## *Биланс на успех за период 01-01-31-12-2024 година*

| РБ | Расходи | 2023 | 2024 | Индекс 2024/2023 | Финансиски план 2024 | Индекс 2024/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Расходи од провизии и надоместоци** | **509,372** | **420,952** | **83** | **550,000** | **77** |
| | Провизии од банки | 509,372 | 420,952 | **83** | 550,000 | 77 |
| **2** | **Трошоци вработени** | **18,376,973** | **20,610,361** | **112** | **18,500,000** | **111** |
| **3** | **Амортизација** | **2,719,210** | **2,739,413** | **101** | **3,024,907** | **91** |
| **4** | **Исправка на вредност на побарувања** | **717,439** | **947,273** | **132** | **700,000** | **135** |
| **5** | **Останати расходи од дејност** | **16,844,297** | **22,587,515** | **134** | **19,122,507** | **118** |
| | Материјални и слични трошоци | 2,448,763 | 2,180,921 | 89 | 2,500,000 | 87 |
| | Трошоци услуги | 3,244,224 | 3,282,584 | 101 | 3,300,000 | 99 |
| | Провизија за КХВ | 6,813,903 | 11,566,134 | 170 | 8,032,507 | 144 |
| | Одбор на директори | 1,473,871 | 1,943,184 | 132 | 1,500,000 | 130 |
| | Трошоци за службени патувања | 288,520 | 340,259 | 118 | 400,000 | 85 |
| | Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда | 295,600 | 494,129 | 167 | 450,000 | 110 |
| | Осигурување | 431,395 | 450,962 | 105 | 440,000 | 102 |
| | Други трошоци | 1,848,021 | 2,329,342 | 126 | 2,500,000 | 93 |
| **6** | **Вкупни расходи** | **39,167,291** | **47,305,514** | **121** | **41,897,414** | **113** |
| ***7*** | ***Добивка пред оданочување*** | ***1,020,751*** | ***20,312,607*** | **1,990** | ***5,127,625*** | **396** |
| ***8*** | ***Загуба пред оданочување*** | ***0*** | ***0*** | **0** | ***0*** | ***0*** |
| ***9*** | ***Данок од добивка*** | ***0*** | ***2,233,166*** | **n/a** | ***0*** | ***n/a*** |
| ***10*** | ***Добивка за финансиската година*** | ***1,020,751*** | ***18,079,441*** | **1,771** | ***0*** | ***353*** |
| ***11*** | ***Загуба за финансиската година*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

## *Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2024 година*

### *АКТИВА*

| Назив на позиција | 2023<br>во денари | 2024<br>во денари | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **1,393,283** | **2,699,427** | **194** |
| **2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти** | **84,852,956** | **108,902,603** | **128** |
| Депозити | 52,299,170 | 65,382,066 | 125 |
| Краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање | 25,000,000 | 15,000,000 | 60 |
| Краткорочни вложувања расположливи за продажба | 0 | 17,097,028 | н/а |
| Побарувања од комитенти | 7,553,786 | 11,423,509 | 151 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **648,769** | **902,828** | **139** |
| 4а.Нематеријални средства | 648,769 | 465,911 | 72 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 0 | 436,917 | 0 |
| **5.Материјални средства** | **18,345,856** | **16,208,960** | **88** |
| 5а.Материјални средства | 18,345,856 | 15,951,860 | 87 |
| 5б. Материјални средства во подготовка - инвестиции во тек | 0 | 257,100 | 0 |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **6.Останати средства/Побарувања** | **1,195,931** | **114,317** | **10** |
| 6а.Побарувања од данок на добивка | 1,045,692 | 0 | н/а |
| 6б.Останати Побарувања | 150,239 | 114,317 | 76 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **609,129** | **1,124,560** | **185** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | ***107,122,395*** | ***130,029,166*** | ***121*** |

## *Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2024 година*

### *ПАСИВА*

| Назив на позиција | 2023 (во денари) | 2024 (во денари) | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **3,335,123** | **8,140,496** | **244** |
| 1а.Останати обврски | 2,540,263 | 5,745,831 | 226 |
| 1б.Обврски по данок на добивка | 84,002 | 2,149,165 | 2,558 |
| 1в.Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 710,858 | 245,500 | 35 |
| **2.Капитал и резерви** | **103,787,272** | **121,888,670** | **117** |
| 2а.Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | 100 |
| 2б.Резерви | 22,256,186 | 22,256,187 | 100 |
| 2в.Ревалоризациони резерви и останати разлики од вреднувањето | 0 | 21,956 | н/а |
| 2в.Добивка за финансиската година | 1,020,751 | 18,079,441 | 1,771 |
| 2г.Загуба за финансиката година | 0 | 0 | 0 |
| 2в.Задржана добивка | 32,204,400 | 33,225,151 | 103 |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | ***107,122,395*** | ***130,029,166*** | ***121*** |

# Прилог 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2024 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ ПРВА ЗАСТАПНИЧКА АГЕНЦИЈА АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 02.1.2024 | 100 ОБИЧНИ АКЦИИ | 15.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ПРЕМИУМ ИНШУРЕНС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 23.1.2024 | 5.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 50.000 ЕУР |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ГАП ОСИГУРУВАЊЕ АД ТЕТОВО | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 13.2.2024 | 600 ОБИЧНИ АКЦИИ | 60.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГРАДСКИ КОШАРКАРСКИ КЛУБ ОХРИД-ГКК 2023 АД Охрид | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 20.3.2024 | 2.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ФУДБАЛСКИ КЛУБ ВОСКА СПОРТ АД ОХРИД | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 21.3.2024 | 2.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЖЕНСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИВЕРИЈА БРЕРА АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 23.7.2024 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| ЖРК ЃОРЧЕ ПЕТРОВ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 01.8.2024 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| ФУДБАЛСКИ КЛУБ БЕСА 1976 АД Добри Дол, ВРАПЧИШТЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 13.8.2024 | 500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.550.000 МКД |

## Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2024 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | СЕДМА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 01.3.2024 | 1.200.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 6.000.000 ЕУР |
| ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД - СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА | 04.3.2024 | 572.495 ОБИЧНИ АКЦИИ | 572.495.000 МКД |
| БРОКЕРСКА КУЌА ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 08.3.2024 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 02.4.2024 | 962.913 ОБИЧНИ АКЦИИ | 962.913.000 МКД |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 09.4.2024 | 145.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 145.000 ЕУР |
| ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 10.5.2024 | 67.587 ОБИЧНИ АКЦИИ | 67.587.000 МКД |
| ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА, ИНВЕСТИЦИИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ ОПФОЛИО АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 02.7.2024 | 2.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 200.000 ЕУР<br>230.000 ЕУР (продажна вредност) |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП | ТРЕТА ЕМИСИЈА | 03.7.2024 | 201.700 ОБИЧНИ АКЦИИ | 4.050.942,80 ЕУР |
| ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 20.8.2024 | 20.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.000.000 ЕУР |
| ХАЛК БАНКА АД - СКОПЈЕ | 21-ВА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 21.10.2024 | 123.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.230.000.000 МКД |

**Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2024 година**

| |
|---|
| АЛОВ АД ГЕВГЕЛИЈА ВО СТЕЧАЈ |
| МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ |

**Акционерски друштва кои во 2024 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба на друштвата во ДОО.**

| |
|---|
| КИРО ДАНДАРО АД БИТОЛА |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2024 година се евидентирани дека се бришани во Ц.Р.**

| |
|---|
| ТЕЦ НЕГОТИНО АД НЕГОТИНО- БРИШАНО ЗАРАДИ ПРИСОЕДИНУВАЊЕ КОН ЕСМ АД СКОПЈЕ |
| МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ АД СКОПЈЕ ВО СТЕЧАЈ (ЗАКЛУЧЕН СТЕЧАЈ) БРИШАНО ОД Ц.Р. |
| АД ВИНЕР-ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ – БРИШАНО ОД ЦР – ПРИСОЕДИНЕТО КОН ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА - ВИГ АД СКОПЈЕ |
| ТУТУНОВ КОМБИНАТ "БОРО ПЕТРУШЕВСКИ - ПАПУЧАР" АД ВО СТЕЧАЈ -БРИШАНО ОД Ц.Р. |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2024 година се евидентирани дека се во ликвидација.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај или ликвидација, или укинато решение за бришење од Ц.Р.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година, издале корпоративни обврзници.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции од ДЕМ во ЕУР.**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2024 година извршиле поделба на акции**.

| |
|---|
| РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ |